## Потпишан протокол за партнерство помеѓу Р.Македонија и Р.Франција

Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Тони Димовски, неговиот француски колега Директорот на Агенцијата за услуги и плаќања, Бернар Безо, заедно со Директорот на Национална установа за производите од земјоделството и морето, Фабиен Бова денес потпишаа протокол за партнерство.



Протоколот беше потпишан во присуство на амбасадорот на Р.Франција Неговата Екселенција Г-дин Жан Клод Шлумбержи.



Со протоколот за партнерство се дефинираат меѓусебните односи помеѓу страните во областа на управувањето со пазарите на земјоделските производи, директна помош за земјоделците и мерките за рурален развој, како и во областа на административната организација.

Со овој трилатерален протокол воедно се регулира размената на информации поврзани со економските перспективи за развој, како и стручна соработка во доменот на имплементација на мерките за директни плаќања во земјоделството, размена на искуство во областа на руралниот развој во Р.Македонија и Р.Франција, културна, едукативна, научна и техничка соработка.



Протоколот воедно е во функција на продлабочување на соработката во областа на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој и пристапување на Република Македонија кон Европската Унија.